

НЕЗАВИСЕН

ЗНМ очекува изборот на директор на МРТ да биде низ кредибилен процес

17/04/2026 16:09

Фото: Б. Грданоски



Најчитани

Срб...
му ј...

12/08/2026
13:11

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) очекува изборот на раководните позиции, директор и заменик-директор, во Македонската радио-телевизија (МРТ) да се спроведе низ транспарентен, инклузивен и кредибилен процес, со јасен фокус на квалитетот на кандидатите и заштитата на јавниот интерес.

Уме… инс…
11/08/2026 22:36

Рама му…
11/08/2026 15:07

Зго… бро…
12/08/2026 13:44

По 14 год…
11/08/2026 09:06

Доб… во…
12/08/2026 17:25

Hotel Ami Budva Petrovac
Xenophon Hotel
Seafront Apartments
Ānanti Resort, Residences & Beach Club - The Leading Hotels Of The World



Имајќи предвид дека рокот за оваа постапка истече на 15 април, ЗНМ смета дека е од особена важност целиот понатамошен тек на постапката да се води транспарентно и во целосна согласност со законските одредби, со доследно почитување на институционалните процедури и принципите на правната сигурност.

ЗНМ апелира изборот да се води врз основа на професионален интегритет, релевантно искуство на кандидатите, јасна визија и реален капацитет за унапредување на работата на јавниот сервис.

Истовремено, неопходно е Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се почитува

целосно и доследно во сите аспекти на постапката, без селективен пристап и без отстапки, со цел да се обезбедат легитимност, правна сигурност и доверба во постапката.

Квалитетниот и внимателно спроведен изборен процес е суштински предуслов за справување со предизвиците со кои се соочува јавниот сервис во служење на јавниот интерес. Само на тој начин може да се придонесе кон зајакнување на професионалните стандарди, независноста и севкупниот капацитет на МРТ да работи во интерес на граѓаните, велат од ЗНМ.

ПОВРЗАНИ СОДРЖИНИ

Без струја делови од Илинден и Гази Баба

17/08/2026 08:08

Без вода улицата „Џон Кенеди“, а намален притисок во Топанско Поле

17/08/2026 07:08

Сончево и топло до 38 степени

17/08/2026 07:08

До вечерва активни пет пожари, три од нив ставени под контрола

16/08/2026 20:08

Туристи во купачи се качуваат на потопената црква „Св. Никола“ во Маврово

16/08/2026 15:08

СДСМ открива: И во Кривогаштани куп бактерии во водата за пиење

16/08/2026 15:08

МОН: И на власт и во опозиција, СДСМ поддржува противзаконско работење

16/08/2026 14:08

ДУИ: Јаневска бара да се поништи Бадентер, ги нарекува Албанците „мала заедница“

16/08/2026 13:08

© Независен Весник 2019 -2026